**20221922659**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 август 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

1. Во Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/22), во дел I во ставот 2 во воведната реченица износот „38.560.000“ се заменува со износот „28.027.000“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„-изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на деловен објект број 4 во ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки“–Берово.“

Алинејата 3 се брише.

Во дел II во ставот 1 алинејата 1 се брише.

Во ставот 2 износот „19.072.621,00“ се заменува со износот „4.333.244,00 “.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7330/1
30 август 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.